# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТА

**07 март 2008**

**Предмет: Промоција на албанското издание на книгата „Следните граници на Европа“ од ЕУ Комесарот за проширување д-р Оли Рен**

Вчера, на **6-ти март 2008 година**, **Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД** ја одржа промоцијата на албанското издание на книгата „**Следните граници на Европа“ од ЕУ Комесарот за проширување д-р Оли Рен.** Промоцијата се одржи во просториите на бизнис центарот на ЈИЕ Универзитетот, Тетово кој е изграден со спонзорство на Европската Унија. Издавач на албанското, како и на македонското издание на книгата „Следните граници на Европа“ е Институтот ОХРИД од Скопје.

Бројот на присутни на промоцијата беше огромен, а свое обраќање имаа д-р Алајдин Абази, ректорот на ЈИЕ Универзитетот, г-дин Блерим Река, амбасадор на Македонија во Брисел, г-ѓа Аделина Марку, почесен член на Одборот на Институтот ОХРИД, и се разбира авторот на книгата „Следните граници на Европа“ д-р Оли Рен. Меѓу почесните гости, покрај амбасадорите и преставници од Владата, присутен беше и г-динот Ерван Фуере. Г-динот Рен имаше интересен настап во кој го истакна мотивот за пишување на оваа книга, а своевидно како и насловот кој го носи книгата, проширување на границите на Европа. Во корелација со книгата во која дава исцрпни елаборации токму на ова прашање, д-р Оли Рен ја спомена и Македонија, прашањето за името и веќе започнатите реформи и напредувања која Македонија ги остварува. Г-дин Рен ја истакна својата голема благодарност до Институтот ОХРИД кој ја издаде оваа книга не само на македонски туку и на албански јазик.

Импресивен говор имаше и претставникот на Институтот ОХРИД, г-ѓа Аделина Марку која воедно беше и иницијатор за издавањето на албанската верзија. Г-ѓа Марку во своето излагање истакна дека со присуството на г-динот Рен се пренесува пораката за современото постоење на граѓаните во оваа земја. Меѓусебната комуникација и почитта, како што истакна г-ѓа Марку треба да ги зближат граѓаните на Република Македонија, како и преку нивната историја и цел, истовремено со почит кон јазикот и нивниот културен идентитет.

Г-динот Рен беше позитивен спрема публиката, дозволи и успеа да одговори на сите поставени прашања, кои најмногу се однесуваа за состојбата во Македонија и моменталните случувања во однос на признавањето на Косово.

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk

Целта на Институтот ОХРИД беше остварена, како што напомена г-ѓа Марку присутните студенти имаа чест да го чујат и очи во очи да му постават прашања на д-р Оли Рен и за момент да ја почуствуваат големината на г-дин Рен, со што и самите ќе се чувствуваат големи.
На 8-ми февруари 2007 година, Институтот за економски стратегии и меѓународни односи ОХРИД ја издаде македонската верзија на книгата „Следните граници на Европа" од Д-р Оли Рен. Издавањето на албанската верзија на книгата од ЕУ Комесарот д-р Оли Рен, преставува своевидно продолжување на традицијата и можност за промоција на книгата меѓу албанската популација во Македонија и пошироко. Во тој поглед Институтот ОХРИД издадената албанска верзија ќе ја дистрибуира и во Косово и Приштина за тамошните универзитетски, академски потреби како и за потребите на училиштата во Македонија.

* * *

**Институт за економски стратегии и меѓународни односи - ОХРИД**
Димитрије Туцовиќ 24, Скопје, Македонија тел/факс +389 2 322 44 57
www.oi.org.mk; e-mail: info@oi.org.mk